## Јубилеј на MJCCE и издавање на поштенска марка за Меѓународната година на Периодниот систем

На 16 октомври во Институтот за хемија беа одбележани 45 години од излегувањето на првиот број на *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* (MJCCE). Во кусото обраќање главниот и одговорен уредник Зоран Здравковски се осврна на овој значаен јубилеј. Посебно беа нагласени најважните фази на развојот не само на уредувачката политика, туку и на фундаменталните промени во техниката на печатење, од гутенберговски пристап до најсовремени онлајн електронски изданија. MJCCE ги помина практично сите овие фази и е во чекор со сите најсовремени текови.

Во продолжение беше промовирана поштенска марка со која и Р. Македонија ја одбележа Меѓународната година на Периодниот систем на елементите, прогласена од страна на УНЕСКО. Нацртот за марката е предложен од Дејвид Кол Хамилтон, поранешен претседател на Европското хемиско друштво и претставува еден вид аларм за неконтролираното исцрпување на ресурсите и своевиден протест против потрошувачките трендови на човештвото.







На настанот беа присутни Ејуп Рустеми, генерален директор на Македонски пошти, Алија Неџати, раководител на Бирото за филателија, Лоран Куфало, дизајнер на марката, претставници од амбасадата на Руската федерација, членови на уредувачките одбори на MJCCE и соработниците, поголем број членови на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија од Институтот за хемија и Технолошко-металуршкиот факултет и студенти.